Премиерот на Албанија, Сали Бериша, се обиде да го претстави албанскиот национализам како европски национализам. Овдешни аналитичари реагираат дека албанскиот национализам всушност е закана за мирот на Македонија и на регионот.

*И Европа ја боли глава од малцински прослави*

Сашо Клековски, директорот на МЦМС, организација што долго работела на малцинските прашања, вели дека прославата на празник на матичната земја или на земјата на потекло е секогаш контроверзно прашање.

- Секако дека секоја етничка група посакува слобода во прославувањето, вклучувајќи и државна поддршка. Исто така е важно дали прославувањето е вклучително - инклузивно или е невклучително - неинклузивно. И етничките Македонци сакаат да го прославуваат Илинден или друг празник и додека некаде тоа е со државна поддршка, како во Канада, некаде тоа не е возможно, како во некои земји од соседството. Во Македонија, повеќето датуми од значење на етничките заедници се и признаени празници од страна на државата и се неработни денови за припадниците на заедниците - додава Клековски.

Извор: Нова Македонија (27.11.2012)